# ПРВ СКОПСКИ
## ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## 2024

ИЗВЕШТАЈОТ Е ПОДГОТВЕН ОД
**БОЈАН ЃОШЕВ**

# Содржина на документот

1. Историја и вовед ........ 2
 1.1 Кратка историја за извидништвото ........ 2
 1.2 За нас ........ 3
 1.3 Мисија и цел ........ 3
 1.4 Завет и Извиднички закони ........ 4
2. Преглед на активностите во 2024 година ........ 4
 2.1 Еднодневни активности организирани од ПСИО ........ 4
 2.2 Повеќедневни настани организирани од ПСИО ........ 10
 2.3 Меѓународни активности организирани од ПСИО ........ 13
 2.4 Меѓународни активности посетени од ПСИО ........ 14
 2.5Национални активности посетени од ПСИО ........ 14
3. Новости во ПСИО ........ 22
4. Проекти ........ 23
5. Структура и волонтери во ПСИО ........ 25

# 1. Историја и вовед

## 1.1 Кратка историја за извидништвото



Основачот на Светската Организација на Скаутското Движење (WOSM) е лорд Роберт Стивенсон – Смит Баден Пауел од Гилвел – БП, роден на 22.02.1857 година во Лондон –Англија, (како шесто дете од вкупно десет деца). Останал без татко кога имал само 3години.Првото образование го добил од својата мајка а подоцна го посетувал училиштето Rose Hill School. Таму добива стипендија и образованието го продолжува (на 13 годишна возраст) во колеџот Чартрхаус. Според крајните резултати БП немал високи оценки во училиштето. Неколку години по завршување на колеџот БП пристапува во армијата каде што го примаат во конкуренција од 700 кандидати. По завршување на академијата во 1876 година на 19годишна возраст, го испраќаат како поручник во Индија. Таму тој останува цели 10 години каде што развива свои вештини да набљудува, да се крие, да живее под отворено небо, да се грижи сам за себе. Подоцна заминува во Јужна Африка, од 1899-1901 година само со илјада војници под своја команда каде БП успешно ја води одбраната на градот Меифкинг. Градот е ослободен по пристигнувањето на воената помош, а БП епрогласен на национален херој. На 42 годишна возраст унапреден е во генерал-мајор. Ја организира полицијата во чиј состав влегуваат луѓе кои се способни да се движат по траги, да прават скици на места и објекти, да набљудуваат, да забележуваат и да работат со чувство на одговорност.

Врз основа на стекнатото искуство ја напишал својата прва книга „Помош за извидништво“ (AIDS TO SKAUTING).Пишувал и за тамошните деца кои му помагале за пренесување пораки, давајќи прва помош на ранетите и на многу слични начини. Во тоа ја препознал желбата на момчињата да направат нешто корисно, активно да придонесат за својата земја и за нивната желба за авантура. Следниот чекор го направил на 29 Јули 1907 година со 22 (дваесет и две) момчиња- синови на свои пријатели и деца од квартот каде живеел, БП оди на кампување на островот Браунси во заливот Пуул кај Дерсет-Јужна Англија. Тој е првиот скаутски камп,кој било предвидено да трае 7 дена но продолжил и траел 10 дена, затоа што момчињата не сакале да се вратат дома. Целта на кампот била момчињата да зајакнат физички и да се научат да помагаат на другите, како да се прехранат во природа, сами да бараат и да откриваат. Ги поделил во четири патроли: Бикови, Гаврани, Овни и Волци. Импресиониран од воодушевувањето на децата кои биле во кампот сето тоа го публикувал по една година(1908) во книгата „Извидништво за момчиња“(SCOUTING FOR BOYS). Во 1929 година зазаслугите што ги имал за младите во светот воопшто, од Британската круна ја добива титулата барон и станува познат како Лорд Баден Пауел од Гилвел. Неговата сопруга во 1930 година е избрана за претседателка на Светското женско скаутско движење. Двајцата биле родени на ист датум 22.02 и по тој повод од 1926 година овој датум се прославува како Светски ден на извидниците, познат под името ден на Баден Пауел односно Thinking Day.Тој се разделува од движењето во 1937 година за време на Светското Џамбори во Холандија пред 28 000 илјади извидници од целиот свет. Заминува во градот Ниери, Кенија каде умира на 08 Јануари 1941 год. а, последните зборови му биле БИДИ ПОДГОТВЕН (термин кој станал поздрав на извидниците).

## 1.2 За нас

Прв Скопски Извиднички Одред (ПСИО), уште познат како ИО Маршал Тито, е најстариот извиднички одред во Република Македонија. Формиран е есента1952 година, за подоцна во 1953година да се регистрира во Сојуз на Извидници на Македонија (СИМ). Во текот на годините ПСИО го има променето своето име во чест на некогашниот претседател на тогашна СФР Југославија Маршал Јосип Броз Тито, но по осамостојувањето на Република Македонија извидничкиот одредот го враќа примарното име во Прв Скопски Извиднички Одред.ПСИО е дефиниран како невладина организација, самостојна, неполитичка, непрофитна, доброволна и воспитна организација за деца и млади, отворена за сите без оглед на националната или верската припадност. ПСИО е дел од Светското извидничко движење (WOSM) и како таков опстојува и се темели на основните вредности на Извидништвото.Во нашето извидничко друштво, членуваат преку 150 активни извидници кои се категоризирани во повеќе возрасни групи. Извидниците од 7 до 10 години се во група на јато и се нарекуваат развигорци, од 11 до 14 години тие влегуваат во патрола и се нарекуваат помлади извидници, од 15 до 21 година формираат младински клуб на извидници и се нарекуваат истражувачи и над 21 година извидниците се нарекуваат ровери. Во ПСИО извидниците се распределени во 5 јата, 4 патроли, 2 клуба на средношколци и 1 клуб на ровери кои се водени од свои водачи, волонтери.



## 1.3 Мисија и цел

Мисијата на извидничкото движење е да се придонесе во образованието на младите, преку систем на вредности врз основа на извидничиот Завет и Закони, да помогнат да се изгради еден подобар свет, каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството. Ова се постигнува со вклучување на младите во неформалниот образовен процес преку користење на специфичниот извиднички метод што го прави секој поединец главен агент во неговиот или нејзиниот развој. Мисијата е усвоена на Светската Извиднички конференција во Дурбан, Јужна Африка во 1999 година.Целта на ПСИО е да влијае врз физичкиот, афективен, креативен и социјален развој на децата и младите преку извидничкиот метод кој се темели врз завет и закони, учење преку работа, личен развој, работа во мали групи, поддршка од возрасните, симболичка рамка и сето ова преку следење на основните извиднички принципи:

1.Обврска кон себе
2.Обврска кон другите
3.Обврска кон духовниот развој

### 1.4 Завет и Извиднички закони

Завет
„Давам чесен збор, дека ќе ја запознаам и сакам својата татковина, дека ќе ја прифатам духовната реалност и ќе го барам нејзиното потполно значење, дека секогаш ќе им помагам на луѓето, дека ќе живеам и работам по извидничките закони“.

Развигорски закони:

1.Развигорецот е добар пријател, храбар и чесен;
2.Развигорецот ги почитува своите родители и постарите;
3.Развигорецот добро учи, вреден е и несебичен.

Извиднички закони:

1.На извидникот му е чест да му веруваат
2.Извидникот е корисен
3.Извидникот е добар другар
4.Извидникот е учтив
5.Извидникот е оптимист
6.Извидникот е верен и одговорен
7.Извидникот постојано учи и ги применува стекнатите знаења
8.Извидникот ја цени природата
9.Извидникот ги цени и развива духовните и културните вредности
10.Извидникот е чесен во мислите, зборовите и делата

## 2. Преглед на активностите во 2024 година

ПСИО во 2024 година зема активно учество, како и реализација на многу активности, проекти, размени чија цел беше промоција на извидниците како дел од општеството кое се грижи и создава здрава околина за граѓаните, едукација на децата и младите, како на локално, така и на национално ниво, младинска застапеност, стекнување на нови вештини и создавање подобар свет.

### 2.1 Еднодневни активности организирани од ПСИО

1. Добро дело – посета  и извиднички состанок во ООУ Киро Глигоров 09.02.2024



Февруари месец секоја година е резервиран за низа добри дела по повод Светскиот ден на извидниците 22 Февруари преку кои сакаме да им го разубавиме денот на група луѓе и при тоа да направиме нешто општествено корисно.
Денес започнавме со првото во низата - ги посетивме 2 одделенците од нашето општинско училиште Киро Глигоров каде учат многу наши извидници.
Заедно имавме еко акција каде го собравме отпадот од несовесните граѓани и по тоа се забавувавме со Capture the flag и стреличарство

Извидничкото движење е најголемата младинска организација со повеќе од 50 милиони деца и млади од 180 земји
Оваа активност е дел од проектот „Волонтерство - алатка за младински активизам“ кој е финансиран од Европската Унија.

2. Добро дело – патрола Панди 10.02.2024



Патролата Панди ја продолжуваат низата на добри дела што ги правиме по повод Светскиот ден на извидниците 22 Февруари.
Нашите добро познати Панди веќе седма година прават најразлични добри дела а денеска беа во посета на ЈП ЛАЈКА - Скопје каде што донираа храна и потребни реквизити за згрижените кучиња, притоа имаа можност да се забавуваат со повеќето кучиња кој беа надвор од нивните куќарки.
Денот го поминавме прекрасно, запознавме нови пријатели и пред се се чувствуваме корисно бидејќи дадовме мал придонес кон бездомните кучиња - кои може да си најдат топол дом кај некој од Вас.
Иницијативите Добро дело оваа година се дел од проектот Волонтерство - алатка за младински активизам, „Овој проект е финансиран од Европската Унија“

3. Добро дело – јато Лалиња 10.02.2024

На ден 10.02 - Сабота, по повод Светскиот ден на извидниците 22 Февруари, јатото Лалиња се собраа во Домче и сами направија превкусна домашна паста со доматен сос, каде што подоцна се поставија во Градскиот Парк за да ги поделат и да соберат средства кој ќе ги донираат на место каде што се најмногу потребни.
Забава, креативност, подготвеност, волонтирање, работа, вештини, смеа, солзи, добро дело - со еден збор ИЗВИДНИШТВО.
Иницијативите Добро Дело оваа година се дел од проектот Волонтерство - алатка за младински активизам, „Овој проект е финансиран од Европската Унија“.



4. Крводарителска акција по повод Денот на извидниците 22.02.2024



Традиционално, по повод 22 февруари – Денот на извидниците, Прв Скопски Извиднички Одред учествуваше на крводарителска акција под мотото „Направи добро дело“. Како и секоја година, нашите членови и нивните родители ја покажаа својата хуманост и солидарност, дарувајќи крв и помагајќи таму каде што е најпотребно.
Оваа акција е дел од нашата посветеност кон заедницата и вистински пример за извидничките вредности во пракса. Голема благодарност до сите што учествуваа и придонесоа за ова добро дело!

5. Добро дело – јато Сончогледи и Зумбули 23.02.2024



Во чест на 22 Февруари, денот на извидниците, јатата сончогледи и зумбули го направија своето добро дело! Со желба да го разубават градот ги покриваа погрдните зборови и симболи со црвени и сини срциња, ширејќи љубов низ Скопје.
Оваа акција е дел од проектот Волонтерство- алатка за младински активизам, „Овој проект е финансиран од Европската Унија“.

6. Добро дело Јато Кокичиња 17.02.2024



На 17.02 - Сабота, јатото Кокичиња♡ заедно со нивните водачи Ања и Тоше го обележија денот на извидниците со правење добро дело🤭. Тие се поставија на средно Водно и делеа колачиња🍪 на сите поминувачи кој уживаа во денот и планината▲. Им благодариме на сите родители кој се вклучија во акцијата за добро дело и помогнаа со подготковката на колачите.
Биди подготвен.

7. Извиднички состанок на Јато Лалиња 13.10.2020



Учење за животни вештини да се учи во школо или децата под итно запишете си ги да бидат ИЗВИДНИЦИ. Прв Скопски Извиднички Одред ни беа на гости денес , толку прекрасни деца, воспитани во духот на природата , ги четкаа животните , прошетавме до реката каде го собраа ѓубрето фрлено од луѓе.
Јас незнам кои им се родители на толку воспитани суштества , ама знам дека имаат прекрасни водичи Иван и Александра , фала ви што ни го направивте денот феноменален и давате

поддршка на нашите животни. Се гледаме скоро пак да се дружиме целодневна, па и со кампување.

8. Извиднички состанок на Јато Желади – Обележување на денот на планетата земја. 22.04.2024



Денеска јатото Желади, го посветија нивниот состанок кон одбележување на Светскиот ден на планетата Земја, со посета на работилница на „Школка“ во Градски парк која беше организирана од Halkbank AD Skopje.
Работилницата беше насочена кон учење и едукација за растенијата и за техниките на садење кои претставува несекојдневна можност за едукација на повеќе теми, вклучувајќи ги почвата, водата и нивната употреба.
До следно видување,
Биди подготвен

9. Извиднички завет 27.04.2024



Вечерва кон нашата фамилија ПСИОвски им посакавме добредојде на 13 нови извидници кои свечено го фрлија своето стапче во логорскиот оган, го кажаа Извидничкиот завет и ветија дека ќе живеат почитувајќи ги извидничките закони.
Еднаш ИЗВИДНИК засекогаш ИЗВИДНИК

10. „Пролетни бакнежи, прегратки 2024“ – Улични игри 01.06.2024

1.6.2024 организирана уште една одлична Пролетни бакнежи, прегратки на тема Улични игри. Натпреварот го посетија повеќе од 200 извидници од кои натпреварувачки екипи имавме вкупно 35 екипи, 13 категорија извидници, 11 екипи развигорци и 11 екипи кои се натпреваруваа во ПСИО куп.
Натпреварот имаше 11 контролни точки каде извидниците се ги покажаа своите вештини во јазли, тест извидништво, маус, школка, здрвен дедо, народна, џамлии, долга ,,магарица”, корнхол, германикус и скокање на јаже.



Прекрасната дружба заврши со доделување на 9 места за сите категории .
Голема благодарност до сите одреди кои земаа учество и ни ја дадоа потребната поддршка за целиот натпревар да помине во најдобар ред.
ИО Еквинокс - Штип
ИО Скаут Пелистер - Битола
ИО Мирко Милески - Кичево
ИО Браќа Миладиновци - Скопје
ИО Методи Митевски Брицо - Скопје
ИПО Галеб - Скопје

ИПО Јадран - Скопје
ИПО Сидро - Скопје
Најголема благодарност да нашите контролори од патролите Панди и Леопарди и нашиот клуб.
До следна дружба, Ве поздравуваме со извиднички поздрав,
БИДИ ПОДГОТВЕН!

11. Рафтинг на река Вардар 19.06.2024

Традицијата продолжува!!!
И оваа година на ден 19.06, 10 Извидници од Прв Скопски Извиднички Одред ја продожија традицијата и рафтаа по р.Вардар од Скопје до Велес. Рафтингот траеше 6ипол саати но тоа не претставуваше проблем поради интересната дружба и атмосфера во нашиот чамец.



Овој рафтинг е глас за нашите води и апел да ги чуваме чисти. Со оваа активност го одбележавме елементот ВОДА кој е дел од проектот 5тиот елемент вол.2 кој има за цел младите да ја подигнуваат јавната свест за заштита на животната средина преку атрактивни и адреналински активности.
Проектот 5тиот Елемент вол.2 е поддржан од Министерство за животна средина и ПП.

12. Прв одредски состанок во учебната 2024/2025

Повеќе од 100 развигорци, извидници, истражувачи и ровери денес се собравме на нашиот прв одредски состанок и направивме одличен хаос во нашиот омилен младински центар Матично, Општина Центар - Скопје.



Имавме мал натпревар за да се потсетиме на многу вештини кои ги учевме минатата година како шаторизација, јазли, германикус, стреличарство, огништа, корнхол, грабни марама и нашата омилена Боренка.
Спремни и мотивирани за нова авантура во новата извидничка година
Фамилија ПСИОвски

13. Извиднички состанок во Општина Гази Баба



На ден 14.11.2024 нашите извидници Бојан и Тео го посетија „ООУ Стив Наумов“ каде што го имплементираа проектот „Колкав е твојот еколошки отпечаток“ кој цели кон подигнување на еколошката свест на учениците од основните училишта во Општина Гази Баба.
🏫Нашите извидници на еден поинаков и иновативен начин одржаа состанок со 90 ученици. Учениците но и дел од професорите навистина со големо внимание, посветеност и интеракција ја проследија

нашата презентација и го пресметаа својот еколошки отпечаток.
Проектот е поддржан од Општина Гази Баба и ќе ги опфати основните училишта на територија на Општина Гази Баба.
Како резултат на целиот проект ќе добиеме и еден податок за еколошкиот отпечаток на повеќе од 300 семејства за тоа колку нивниот секојдневен животен стил влијае на загадувањето на природата, а воедно ќе добиеме чисти училишни дворови и секако активни граѓани кои се залагаат за чиста животна средина.
БИДИ ПОДГОТВЕН

14. Извиднички состанок во „ООУ Глигор Прличев“

Нашите извидници Ивана и Тео го посетија ,,ООУ Глигор Прличев’’ каде што на еден поинаков и иновативен начин одржаа состанок со 40 ученици.
Овој состанок е дел од проектот ,,Колкав е твојот еколошки отпечаток’’.Проектот е поддржан од Општина Гази Баба и ќе ги опфати основните училишта на територија на Општина Гази Баба.
Како резултат на целиот проект ќе добиеме и еден податок за еколошкиот отпечаток на повеќе од 300 семејства за тоа колку нивниот секојдневен животен стил влијае на загадувањето на природата, а воедно ќе добиеме чисти училишни дворови и секако активни граѓани кои се залагаат за чиста животна средина.

15. Јато Лалиња во Посета на ЈП Лајка 23.11.2024

Патролата Капибари денес беше во посета на ЈП Лајка, каде имавме прекрасна можност да ги видиме кучињата што ја прават Лајка посебна.
Огромна благодарност до тимот на Лајка што нè примија и ни дозволија да го запознаеме Феликс кој е пресладок и премил херој!
Прекрасно ни беше
Сите кои сте во можност да донирате кебиња за престојната зима за кучињата, може да донесете на состанок, а ние ќе го исконтактираме тимот на Лајка

16. Извиднички Состанок во ООУ Дане Крапчев и Кирил и Методиј 21.11 и 25.11.2024

На ден 21.11 и 25.11 одржавме извиднички состанок во Основните училишта Дане Крапчев и Кирил и Методиј во Општина Гази Баба.
На извидничките состаноци присуствуваа повеќе од 70 ученици. На состаноците учениците имаа можност да слушнат нешто повеќе за заштита на животната средина, да го измерат нивниот еколошки отпечаток и по пат на игра да го исчистат нивниот училишен двор.
Оваа активност е дел од проектот ,,Колкав е твојот еколошки отпечаток’’ кој е поддржан од Општина Гази Баба.
Како резултат на целиот проект ќе добиеме и еден податок за еколошкиот отпечаток на повеќе од 300 семејства за тоа колку нивниот секојдневен животен стил влијае на загадувањето на природата, а воедно ќе добиеме чисти училишни дворови и секако активни граѓани кои се залагаат за чиста животна средина.



17. Гоблин Илегалец 14.12.2024

Гоблин илегалец 2024 во организација на патрола Панди и Леопарди!

Овогодишната тема беше „Во светот на цртаните“ каде што сите извидници од Прв Скопски Извиднички Одрес се натпреваруваа во најразлични игри и дисциплини во Градски парк. Како прва акција на патрола Панди и Леопарди беше доста успешна и забавна и покрај променливото време. До следно видување
Биди подготвен!

18. Водач на Годината за 2024 година

Секоја година фамилијарно на предновогодишна дружба и прогласување водач на годината.
За оваа година 2024 златната чаша и врамената ПСИОвска марама му припадна на наш Пеце- Петар Петровски водач на јато Дионеи, кој беше на сите одредски и национални настани со нашите извидници, се грижеше за нив и гордо го претставуваше ПСИО
Сите наши водачи се беспрекорни, за нас најдобри на цел свет кои своето време несебично го даваат на нашиот извиднички одред
пс. Тоше, Касија, Иван и Ана ни фалите, Ве сакаме!
Ви благодариме Крчма - Скара на жар што повеќе од 10 години сте ни домаќини на оваа прекрасна дружба



19. Состанок на Патрола Панди - Хемиски спектакл 23.12.2024

Патрола Панди на 17.12.2024🗓 присуствуваа на хемискиот спектакл кој беше организиран од Групата на ,,Среќни хемичари и Не толку среќни хемичари” на Институтот за хемија на Природно-математички Факултет.
Студентите заедно со нивните професори изведуваа интересни хемиски експерименти исполнети со возбудливи, визуелни и звучни ефекти.
Сосема поинакво и уникатно искуство, многу уживавме но и научивме нешто повеќе за хемијата и нејзината примена!
Голема благодарност до Blagica Janeva што не покани на овој хемиски спектакл.

## 2.2 Повеќедневни настани организирани од ПСИО

20. Зимски извинички камп 2024 – Смрека, Попова Шапка

ПСИО традиционално секоја година организира Зимски извинички камп. Оваа година кампот се организираше во периодот од 17.01 до 21.01.2024 година. Кампот се одржа во планинарскиот дом Смрека, Попова Шапка. На кампот присуствуваа 70 извидници кои беа поделени во 8 различни тимови. Тимовите секој ден се натпреваруваа меѓу себе во различни активности каде добиваа поени за секоја активност, темата на кампот беше Ледено доба, темата како и целата програма за кампот беше организирана и осмислена од извидниците од ПСИО Клуб со помош на младите водачи. Овој камп имаше за цел нашите извидници да научат нешто повеќе за животните од Леденото доба и преку презентации и активности да не научат сите нас за овие импресивни животни. Деновите на Зимскиот камп ни беа поделени на два дела. Првиот дел од денот го користевме за активности на отворено, снег, за играње на нашата омилена тим билдинг игра capture the flag, барање на закопани фосили од праисториски животни, штафета на стаза долга 500 метри каде ПСИО мечето требаше са стигне од старт до цел безбедно и зимски хајк низ Шара на кој сме многу горди бидејќи беше доста предизвикувачки.



Вториот дел од денот беше резервиран за учење за историја на извидништвото, краток извиднички тест кои извидниците го работеа во парови, изработка на презентации за праисториските животни, периодите и еволуцијата на животните, активности за јакнење на тимскиот дух, градење највисока кула од шпагети и учење и полагање на извидничките вештарства како јазли, курир, извидник готвач, драма, декодер и извидништво. Вечерите ни беа исполнети со КЗП (Културно забавна програма) каде што извидниците правеа стрип на тема Ледено доба, полагаа драма, гледаа филм и играа забавен кахоот квиз. На овој камп кој беше организиран од ПСИО Клуб младите имаа можност да спроведат работилници, да помогнат во тековните секојдневни задачи, но и да го зајакнат својот лидерски дух. Огромна благодарност до нашите пријатели од Месарница МЕЧКА кои ни ги донираа највкусните бургери и Сакаме да изразиме огромна благодарност до нашите долгогодишни подржувачи и пријатели на извидниците MAMA's - Macedonian Traditional Recipes и Vezë Sharri & Lecker кои се погрижија извидниците да јадат вкусна и квалитетена храна.

21. Тим билдинг за водачите на ПСИО 08-10.03.2024

Во период од 08.03 до 10.03.2024, се организираше Тим Билдинг за младинскиот клуб и



водачите на ПСИО. Сите извидници се собраа во нашето Шумско домче во Мала река каде деновите ни беа исполнети со извиднички активности, предизвици, натпревари и физичка работа. Цела програма беше креирана со цел да се зајакне тимската работа и подигне тимскиот дух на ПСИОвските извидници и да се поттикне уште поголема соработка при креирање на идни состаноци и настани.
Накратко - Тридневна дружба, роденден, нови маички, тимска работа, забава, смеа, авантура и рекреација.👏
До слдено видување, Биди подготвен.

22. Пролетен Бивак 2024 27.04 – 30.04.2024 – Извиднички дом „Чичко Боро“

Во периодот од 27 ми до 30ти Април во нашето Шумско домче „Чичко Боро“ се одржа традиционалниот Пролетен бивак. Овој бивак беше со тема „Paw Patrol“ на кој учествуваа повеќе од 80 членови на нашиот одред. Сите учесници беа поделени во 8 екипи, секоја екипа секојдневно се натпреваруваше во различни игри и дисциплини, игрите беа од забавен и едукативен карактер каде што после секоја игра екипите добиваа поени. За време на пролетниот бивак се полагаа и повеќе вештарства како патенти, стрелаштво, стреличарство, хербариум и огништа. Деновите ни летнаа многу брзо, имавме хајк до водопад и езерце, игравме ултимејт фризби, скокавме на трамболина, се пуштавме на зиплајн, уживавме покрај логорски оган и многу се дружевме и забавувавме. Може да се каже дека овие денови ја размрдавме нашата омилена планина. Голема благодарност до MAMA's - Macedonian Traditional Recipes и Vezë Sharri & Lecker кои се погрижија извидниците да јадат вкусна и квалитетена храна.



23. Есенски Бивак 2024 11-13.10.2024 – Планинарски дом Џумаја

Во период од 11 до 13 Октомври на планината Плачковица во планинарски дом „Џумаја“ го организиравме нашиот традиционален есенски бивак со симболичка рамка ,,Украденото знаме на ПСИО”. Во склоп на темата, сите учесници имаа задача да најдат и решат сложувалки и да поминат Escape Room, сè со цел да ја одгатнат мистеријата и пронајдат злосторникот. На кампот ќе присуствуваа 60 извидници на возраст од 7 до 25 годин. За храната, програмата, хигиената и целокупната организација како и секогаш се грижевме сите ние заедно. За време на бивакот покрај тимските игри, бевме на прекрасен хајк заедно со штипскиот извиднички одред, ИО Еквинокс,на кој ја запознававме убавата природа околу нас и создававме нови пријателства. На бивакот како и секогаш се полагаа вештарства, овој пат 4 на број, на кои развигорците и извидниците имаа шанса да ги покажат своите извиднички познавања во јазли, патни знаци, извидништво и декодирање пораки. Прекрасно искуство, нови вештини и спомени кои секогаш ќе ги носиме со нас. До следна повеќедневна дружба, Ве поздравуваме со извиднички поздрав, Биди подготвен.



## 2.3 Меѓународни активности организирани од ПСИО

24. SCOUTS UNITED Learn it, do it, scout it supported by Western Balkan Fund

In the period of 20th to 24th of August a scout exchange "Messengers of Peace" was held at Scout Center Ohrid. This event was organized by First Scout Unit of Skopje as a part of the project SCOUTS UNITED - Learn it, do it, scout it.

In total - 32 scouts from the western region of the Balkans - SerbiaRS, MontenegroME, Bosnia and HerzegovinaBA and North MacedoniaMK participated in this exchange.



The exchange was carried out by learning new informal methods and also prepared the participants to organize small peace building workshops in their communities. The topics of this exchange included: intercultural team and group building activities, conflict resolution and peace building, communication, youth activism and preparation for the upcoming workshops.

The scout exchange "Messengers of Peace" which lasted for 5 days, motivated and encouraged 32 young people to organize peace building workshops, bring regional cooperation closer and leave the past in the past.

We would also like to express our gratitude to everyone who participated in this exchange and contributed in any way

possible, and most of all to our partners Odred Izviđača Josif Pančić, Izviđački klub EHO and Mladen Scout Stojanovic.

This project is powered by Western Balkans Fund.

## 2.4 Меѓународни активности посетени од ПСИО

Во период од 22 јули до 2 август Ина ни беше дел од Ровервеј - настан наменет за ровери (млади извидници) од цела Европа. Оваа година главниот камп на Ровервеј се одржа во Ставангер вv.

Ина заедно со Виктор од ПСИО и други волонтери беа - водачи на патека  (path leaders) на патеката SØ09 во Кристијансенд вv.

Оваа патека е една од трите патеките на WOSM каде што главниот фокус на активностите беа поврзани со одржливост и Earth Tribe.⚜

Еве неколку фотки од активностите и убавините на Норвешка.

## 2.5Национални активности посетени од ПСИО

25. Ноќен Хајк – Осветли ја планината 18.02.2024



Традиционално повеќе од 20 години го осветлуваме Водно по повод Светскиот ден на извидниците 22 Февруари денот кога е роден Лорд Роберт Баден Пауел - основач на извидничкото движење 1907г. На 18.02.2023, 10 членови од нашиот одред присуствуваа на ноќниот хајк – осветли ја планината по повод денот на извидниците 22 февруари. Нашите водачи се искачуваа од полицијата до врв на водно каде што потоа на врвот во планинарското бачило имаше мала забава која беше организирана од страна на Сојуз на Извидници на Македонија. Можеме да кажеме дека оваа активност е една од поинтересните активности за нашите водачи.

26. Централна Прослава по повод „Денот на извидниците“ 24.02.2024



Градот Штип заедно со своите извидници беа домаќини на најмасовната досега прослава по повод Светскиот ден на извидниците која се оддржа во Дом на Млади на ден 24.02. Повеќе од 500 извидници од цела држава беа дел од централната церемонија на Сојуз на извидници на Македонија. Нашиот одред го претставуваа повеќе од 70 извидници кои уживаа во адреналинско едукативните активности кој беа организирани од ИО Еквинокс. Чест и задоволство ни е што присуствуваме на овогодинешната централна прослава по повод Денот на извидниците! Биди подготвен

27. “Поздрав на пролетта 2024” 23.03.2024г.



80 членови на фамилија ПСИОвски заедно со уште 400 извидници од речиси сите одреди денес ја поздравија пролетта - годишно време кога ни почнуваат сите меѓуодредски натпревари и кампови.

28. „Сојузување“ Извиднички Центар Охрид 29-31.03.2024

Во периодот од 29ти до 31ви март, 3 извидници од ПСИО учествуваа на Сојузување 2024 заедно со 80 извидници од 17 различни одреди од Македонија. Настанот се одржа во омилениот меѓу извидниците Извиднички Центар Охрид - Scout Center Ohrid, овој настан беше наменет со цел да се подобри работата во одредите членки на СИМ, како и вмрежување на извидниците меѓусебно.До следна дружба,Биди подготвен.





29. „Фениксија 2024“

Овој викенд 2 екипи од ПСИО учествуваа на традиционалната акција “Фениксија” која беше организирана од страна на Извиднички одред Феникс - Прилеп / Scout Group Phoenix - Prilep. Извидниците се натпреваруваа во ориентација, сигнализација, извидништво и полигонски игри. Честитки до екипата “Јутјубери” кој го освоија второто место во категорија развигорци и им честитаме на сите екипи кој учествуваа и се натпреваруваа на акцијата.

Се гледаме на следна акција, Биди подготвен

30. „Пелинце 2024“ 24.05 – 26.05.2024

Во периодот од 24.05 до 26.05, 4 екипи од ПСИО учествуваа на акцијата “Пелинце 2024” која беше организирана од страна на Извиднички одред „Скаут“- Куманово. За време на акцијата учесниците се натпреваруваа во следните извиднички дисциплини: Пронаоѓање на контролни точки (на карта и во природа), Кроки на контролна точка, Скица на дел од поминат пат, Профил на терен Извештај, Сигнализација (морзе и семафор), Врзување на јазли, Движење под азимут, Тест (прва помош, извидништво и општа култура).



Првата екипа на ПСИО која беше составена од Ања, Давор, Николина и Тео го освоија второто место во категорија истражувачи. Втората екипа на ПСИО која беше составена од Дарија, Гала, Неда и Катја го освоија 2 место во категорија извидници.

Освен тоа горди сме на наша Ања која доби награда за најдобро напишан “Извештај на дел од помината патека” на целото натпреварување. Честитки до сите екипи кој учествуваа на ова натпреварување и се гледаме на следна акција.

Биди подготвен!

31. „Работно Годишно Собрание на Сојуз на Извидници на Македонија“ 02.06.2024

На 2.6.2024 во Скопје се одржа редовното годишно Собрание на Сојуз на извидници на Македонија.На ова собрание со 56 делегати од 17 одреди успеавме да се навратиме на минатите успеси и да направиме планови за идните, преку: верификација на полноправно членство на ИО Ластовица



Презентација и усвојување на годишен извештај на активности на СИМ во 2023 со истакнување на најголемите успеси за 2023: 13та Смотра на СИМ , процесот на креирање Стратегија, креирање и промоција на новиот бренд ИВИДНИЦИ, нашата @Боренка🌲, многу извиднички акции, натпревари, тренинзи и учество во национални и интернационални процеси и настани (извештајот е достапен на izvidnici.mk)

Усвојување на новата Стратегија на СИМ 2030 за која дадоа придонес извидниците од сите возрасти, нивните родители, одговорниот тим и професионалци во полето на стратешко планирање

Се направија статутарни измени со цел поефикасно работење на телата на СИМ и усогласување на сите документи за работа на организацијата

Се презентираа  и поделија новите извиднички дневници за нашите членови Честитки за сите кои учествуваа во уште едно успешно Собрание на СИМ! Заедно создаваме подобар свет

32. Активност за обука и соработка – Борба против климатските промени 13.06. – 16.06.2024

Во периодот од 13ти до 16ти јуни 5 извидници од ПСИО учествуваа на настанот - Активност за обука и соработка, борба против климатски промени и заштита на животната средина со фокус на еден од еразмус+ приоритетите - зелена агенда и одржливост поддржано од Националната Агенција за Европски образовни програми и мобилност.

На овој настан се запознавме со биодиверзитетот и заштитата на животната средина, ја чиствевме обалата и поставувавме табли со цел подигнување на еколошката свест на граѓаните и се запознавме повеќе за Ерасмус+ можностите.



33. Водени лудории 2024 18.06.2024

На ден 18.06.2024, 40 ПСИОвци учествуваа на последната акција за оваа извидничка година, традиционалната - Водени лудории, оваа година со тема ,,Охана значи фамилија" која ја организираше Извидничко Поречански Одред Галеб. Околу 100 извидници од нашиот и други одреди го искористија топлото време на базенот ,,Pool House", населба Пинтија. На акцијата беа реализирани игри и активности од забавен и натпреварувачки карактер, кои беа проследени со добра музика. Може да се пофалиме дека нашите ПСИОвци ги освоија трите места во категорија развигорци. Екипа Делфини Екипа Пирани Екипа Псиовци



Честитки до сите екипи кој учествуваа на акцијата се гледаме следната година.

Биди подготвен

34. Летен извиднички камп 2024 01.07. – 07.07.2024

ЛЕТЕН КАМП 2024!

🗓Во периодот од 01.07 до 07.07 ПСИОвци учествуваа на летниот извиднички камп кој беше со тема СИМски Олимписки игри кој се одржа во Извиднички центар Охрид и беше организиран од страна на Сојуз на Извидници на Македонија.

Првиот ден беше посветен за пристигнување на учесниците, отварање и сместување во шатори. По вечерата имавме официјално отворање на овогодешниот камп каде што учесниците беа поделени во повеќе држави кои всушност се натпреваруваа меѓусебно на СИМските олимписки игри 2024.

Втор ден на СИМски олимписки игри!

Државите го искористија утрото за смислување и создавање на свое знаме, химна и поздрав, притоа се изладивме и веславме во езерото.

Иако временските услови малку не изненадија со дожд, истото не нè спречи во одвивање на нашите активности односно нашите олимписките игри. Денот го завршивме со првиот дел од нашето Талент Шоу 🎤каде сите се бодревме меѓусебно и се забавувавме!

Трет ден СИМски олимписки игри!

Го искористивме денот за scavenger hunt, игри во вода, arts and crafts, учевме ППЗ, стреличарство, ориентација, јазли и декодер и денот го завршивме со летно кино.🎥

Четврт ден СИМски олимписки игри!

Ден посветен на  активности во вода, отворени работилници каде што: имавме можност да го извозиме своето смути #earthtribe, да пошумуваме во виртуелната шума на Боренка и да ги посетиме работилниците на Фондација за развој на локалната заедница - Штип Денот исто така го искористивме за нашето омилено - Mission Impossible во Охрид. За крај го завршивме денот покрај логорскиот оган

Петти ден СИМски олимписки игри.



Ден посветен на учење вештарства повторно, посетување на работилниците „Извози го своето смути” #earthtribe , пошумување во виртуелната шума со Боренка, arts & crafts🎨, се дружевме со Фондација за развој на локалната заедница - Штип, спортувавме 🏃и го завршивме денот со дружење покрај логорски и дел 2 од нашето талент шоу

Шестиот и седмиот ден од нашите СИМски олимписки игри!

Последниот програмски ден го посветивме на полагање на вештарствата кои ги учевме изминатите денови - декодер, ппз, јазли, стреличарство и ориентација и на подготовки за последната вечер од нашиот камп - маскенбал каде што нашите држави ги покажаа своите маски, химна и поздрав. После забавната последна вечер од кампот, се посветивме на свечено затворање на кампот, спуштање на нашите шатори и за жал - заминување на нашите учесници.

Притоа изразивме мало внимание кон водачите кои неуморно се грижеа за нашите развигорци и извидници, и нивната безбедност. Водачи БРАВО! Секоја чест

Се спакувавме, поздравивме и испративме со нашите нови и стари другарчиња од овој летен камп!

До следно видување

Биди подготвен

35. Школа за водачи 2024 25.08 – 30.08.2024



Во перодот од 25 ти до 30 Август нашите членови Николина, Давор, Тео и Ања учествуваа на Школата за водачи која беше организирана од Сојуз на Извидници на Македонија. Нашето извидничко семејство е побогато со 4 нови водачи - млади лидери кои се спремни да носат промени во својата заедница! Осум одреди од цела Македонија ги збогатија своите совети на водачи и активно работат на зголемување на капацитетите, но и на проширување и раст на организацијата.

Извидништвото е движење кое не застанува, а токму младите и водачите во одредите се силата која го движи. Водачи, среќно! Бидете промената која ја посакувате во вашето опкружување и двигатели на позитивните промени во одредите, околината, државата и светот!

36. „Септемвриски извиднички средби“ 13.09 – 15.09.2024



Изминатиот викенд во период од 13.09 до 15.09, 30 наши псиовци беа дел од овогодишните Септемвриски извиднички средби кои што се оддржаа во домчето на И.О. Мирко Милески.

Цел викенд го поминавме во дружба и забава во кој три екипи развигорци, една екипа извидници и една екипа истражувачи ја поминаа стазата и се натпреваруваа во извиднички вештини. Имавме и интересни полигонски игри во кои преку игра и дружба се забавувавме. Вечерта ни беше исполнета со одлична атмосфера и музика.

Знаете дека сме си поминале одлично кога дома ќе се вратиме со четири освоени места.

Честитки до екипите:

Пинк Пантери за освоено прво место во категорија развигорци.

Маршал Тито за освоено второ место во категорија развигорци.

Македонија за освоено прво место во категорија извидници.

Мачиња за освоено трето место во категорија истражувачи.

Се гледаме на Есенски Бивак,

со извиднички поздрав ЗДРАВО!

37. Државен извиднички ориентационен натпревар Село Буково, Битола 11.10 – 13.10.2024

Во периодот од 11ти до 13ти Октомври се одржа Државниот извиднички ориентационен натпревар на кој учествуваа 24 екипи од различни одреди од Цела Македонија. ПСИО зема учество со две екипи, една во категорија извидници и една во категорија истражувачи.




Целиот натпревар помина во авантура со интензивна физичка но и ментална активност.

Учесниците се натпреваруваа на две различни стази. Учесниците во категорија извидници изодија 11 километри, со 6 контролни точки, додека пак истражувачите и роверите го поминаа предизвикот од 20 километри, со 6 контролни точки.

Екипите во категорија извидници беа тестирани во дисциплините: полигон на спретност, панорамска скица, јазли, тест за извидништво, сигнализација со семафор, морзе, задачи на карта, итинерер ППЗ тест и ППЗ практично. Додека пак, истражувачите и роверите ги тестираа своите вештини во: сигнализација со семафор, морзе тест за извидништво, панорамска скица, јазли, кроки на контролна точка и подготовка на материјали како

итинерер, профил на тере, извештај на дел од помината патека и ППЗ практично. Учесниците покажаа извонредна посветеност и издржливост!

Нашите извидници освоија сребро на Државниот извиднички ориентационен натпревар во с.Буково 2024.

Истражувачите кои за прв пат беа на ДИОН го освоија 4 место со одлично изработени материјали и голем успех во сите натпреварувачки дисциплини.

Честитки до сите учесници, волонтери и целокупната организација

До следна дружба,

Биди подготвен!

38. Тренинг за добро управување со Животната средина 15.11 – 17.11.2024 Крушево



Во периодот од 15.11 до 17.11, нашите водачи Бојан, Кузе и Сара, учествуваа на тренинг за ,,Добро управување со животната средина''.

Тренингот се одржа во Х. Монтана, Крушево и учествуваа 20 извидници од цела Македонија.

Овој тренинг беше наменет за млади поединци од нашата земја да ги истражат суштинските концепти за управувањето со животната средина, да разменат идеи и да развијат практични вештини.

Тренингот опфаќаше теми како вовед и столбови во управувањето со животната средина, политика и законодавство во управувањето, младинско застапување за заштита на животната средина и план за локална акција.

Тренингот беше организиран од страна на Сојуз на извидници на Македонија - Scout Association of Macedonia и OSCE Mission to Skopje

Биди подготвен

39. Извидниците за Својот Град 19.11.2024

50 извидници од ПСИО учествуваа на традиционалната акција ,,Извидниците за својот град'' која беше организирана од страна на Извиднички Одред Браќа Миладиновци

Оваа акција секоја година се одржува по повод 13 Ноември - Ден на ослободувањето на Град Скопје. Како и секоја година така и оваа на акцијата присуствуваа голем број извидници од цела Македонија.мк

Извидниците се натпреваруваа во повеќе вештини како: јазли, патни знаци, тест општа култура, тест извидништво, шаторизација и мини полигон.

Како и секогаш, не се враќаме дома без освоено место.

Честитки до:

Екипата Скаутс за освоено прво место во категорија развигорци.

Екипата Самураји за освоено второ место во категорија развигорци.

До следно видување,

Биди подготвен

40. Изборно собрание на Сојуз на Извидници на Македонија 15.12.2024

Честитки за новото раководство на Сојузот на извидници на Македонија!

Со голема чест и задоволство го објавуваме новиот Старешина на СИМ, Миќо Стојановски, кој ќе ја води нашата организација во следниот мандат.

Исто така, честитаме и на новоизбраните членови на Старешинството




- Бобан Стојаноски

- Бојан Ѓошев

- Владимир Костовски

- Даниел Ангеловски

- Моника Спасовска

- Светлана Лукановска

И на ново избраниот надзорен одбор составен од:

-Александра Стојаноска

-Бојан Неделковски

-Никола Спасовски

Им посакуваме многу успех, инспирација и посветеност во нивната работа за унапредување на извидничкото движење, јакнење на нашата заедница и остварување на стратешките цели на Сојузот.

Благодарност до сите извидници и одреди кои беа дел од денешното изборното собрание и дадоа поддршка за новото раководство на Сојуз на извидници на Македонија.

## 3. Новости во ПСИО

Во новата 2024 година влеговме со неколку новини во нашата едукативна програма, каде воведовме нови вештини со кои треба да се стекнат нашите членови како што се познавање видови огништа и нивна изградба и употреба, патни знаци и еден од најактуелните,

Во новата 2024 година примивме 30 нови извидници кој се зачленија во јата и патроли и исто така имаме нови две јата Глуварчиња предводени од водачот Николина Китановска и

Давор Трајковски, како и јато Сончогледи водени од Касија Сентиќ Габер и Ангелина Ефремова.



Оваа година значително ја искористивме за работа во нашето Шумско домче – извидничкиот дом „Чичко Боро“- кое прерасна во шумско школо, каде се учи преку работа, а се работи во природа. Нашата планинска куќа доби нова фасада, изолација, нови надворешни чешми како би можеле сите кои престојуваат во дворот да имаат место за миење садови и сл., нови огради, плоча и плочки на задната тераса и се тоа изработено од нашите волонтери и поддржувачи на ПСИО.

Ново во 2024година е награда за извидник – водач во ПСИО и истата за прв пат свечено ја прими нашиот вреден и посветен извидник-волонтер во Прв Скопски Извиднички Петар Петровски.

Огромна благодарност до нашите пријатели и поддржувачи кои и во 2024 година беа тука за да ни помогнат: Ин Брокер, Данаи фарм, Конто Офис, Диајгностика Фармахем, Печатница Софија, Мамас фоод доо, Везе Шари, Месарница Мечка и други донации од страна на пријателите на извидниците.

Во оваа бурна година имавме и изборно Собрание на Сојуз на Извидници на Македонија каде од ПСИО кандидат беше Бојан Ѓошев и истиот стана член на новото Старешинство на СИМ со освоени најмногу гласови на доверба од присутните делегати. Негиовиот мандат и успеси ќе ги следиме во наредните три години. На ова изборно Собрание беа избрани и останатите 6 члена.

## 4. Проекти

РЕФЕРЕНТНА ЛИСТА ЗА ИЗРАБОТЕНИ ПРОЕКТИ ВО 2024 ГОДИНА
Спроведувач: Прв Скопски Извиднички Одред
** На листата не се прикажани европски проекти од програмата Еразмус + финансирани од Европска Комисија, како и проекти на кои здружението било партнер апликант.

| **Бр.** | **Донатор**<br>**Име на проект** |
|---|---|
| **1.** | **Центар за Интеркултурен дијалог (Youth Agents of Change**<br>Волонтерство – Алатка за младински активизам |
| | Главна цел на проектот е зајакнување на младинскиот активизам преку промоција на волонтерството кое раѓа потреба на младите да учествуваат во своите општества и градење на социјални односи кои се пак клучни за благосостојбата на поединецот и заедницата.<br>Специфична цел: |

| | |
|---|---|
| | СЦ1. Мотивирани млади оспособни да преземат одговорност за одлуки, широк спектар на вредни преносливи вештини стекнати преку обука, волонтирање кои можат да се користат во различни работни улоги и функции.<br>Резултати:<br>1. Креирање агенда – „Школа за волонтери“ од млади за млади<br>2. „Волонтерска школа“ – основно ниво во времетраење од 4 месеци<br>3. Средба за вмрежување и планирање – Зимски камп, времетраење од 4 дена<br>4. 5 волонтерски акции спроведени од обучени волонтери |
| **2.** | **Western Balkan Fund**<br>Scouts United – Learn it, do it, scout it |
| | СЦ1- Социјално вмрежување на 32 млади извидници од 4 земји на Западен Балкан преку нивно ангажирање во активности кои градат меѓусебно разбирање и помирување во социјалниот, образовниот и културниот домен<br>СЦ2 – Повторно обединување на извидниците од земјите и поттикнување за спроведување на заедничка регионална програма<br>СЦ3 – Да се поттикне и да се обезбеди разбирање за можниот начин за градење мир, (пирамидата од разлики до помирување) преку овозможување на младите луѓе од прва рака да научат некои од предизвиците и достигнувањата на другите во други регионални земји освен нивните.<br>СЦ4 – Подигнување на свеста преку најмалку 4 работилници за градење мир по една по земја и како да се подобри регионалната младинска соработка, мобилност и размена<br>Р1. Најмалку 32 обучени млади луѓе, извидници способни да водат и организираат активности кои промовираат и се залагаат за регионална соработка и градење мир<br>Р2. Широка мрежа на млади луѓе преку промовирање на меѓусебно разбирање и интеркултурно учење преку најмалку една организирана обука за најмалку 32 учесници.<br>Р3. Најмалку 400 млади луѓе посетија работилници за градење мир<br>Р4. Најмалку 400 млади ќе ја научат историјата на извидниците и ќе бидат мотивирани да направат промени во иднина<br>Р5. Најмалку еден потпишан Меморандум за соработка со извидничка организација од земјите партнери. |
| **3.** | Министерство за Животна Средина и Просторно Планирање<br>Петтиот елемент |
| | Цел: Создавање на позитивна модерна и астрактивна средина за учење и заштита на животната средина преку неформална едукација за деца и млади во природа<br>Специфична цел 1. Младите ја подигнуваат јавната свест за заштита на животната средина преку атрактивни и адреналински активности<br>Специфична цел 2: Младите креираат одржливи програми и ги пренесуваат своите вештини и знаења преку врсничка едукација<br>- Имплементирани 4 атрактивни и адреналински активности за подигнување на јавната свест за животната средина<br>- Едуцирани млади за клучната улога на водата, воздухот, земјата и оганот за животната средина<br>- Адаптирана и креирана одржлива програма за промоција и едукација на тема животна средина со симболичка рамка<br>- Креирана една едукативна кутија со алатки за работа и чекор по чекор активности.<br>- Еден прирачник на тема животна средина и материјали за имплементација на програмата. |

| | |
|---|---|
| | -Прашалник за мерење индивидуален и семеен еколошки отпечаток<br>-Анализа од 700 семејства од РС Македонија за нивниот еколошки отпечаток според стандардизирана мерка за природни средства кои можат да се спротивстават на земјениот еколошки капацитет за да се регенерира<br>-Еднократно исчистени дворни површини на 10 основни училишта и нивната околина<br>-Подигната свест кај приближно 1000 деца за чиста животна средина |
| **4** | Општина Гази Баба<br>Колкав е твојот Еколошки отпечаток? |
| | Целта на проектот е да се овозможи различен и иновативен начин кон подигање на свеста кај децата за здрава и чиста животна околина, про-активно одржување на чистотата на нивната непосредна животна средина, подигање на нивото на еко едукација и мотивација за соработка и вмрежување. Овој проект има за цел и промовирање на извидниците како сервисен тим на општината кој се грижи и стреми кон чување на животната средина и конечно кон намалување на загадувањето и заложба за чисти јавни површини.<br>Развивање емпатија и чувство за грижа за здрава и чиста животна средина<br>Р1. Подигната свест кај повеќе од 300 основци и нивните семејства за чиста и здрава животна околина;<br>Р2. Анализа со пресметка на еколошки отпечаток на повеќе од 300 семејства кои живеат во Скопје; 5<br>Р3. Исчистени дворни површини на 11 средни училишта и нивната околина;<br>Р4. Исчистена околината на Парк шумата Гази Баба преку промоција на велосипедизмот;<br>Р5. Промовирани извидниците и Општина Гази Баба како општествено одговорно и активно тело. |

## 5. Структура и волонтери во ПСИО



**Структура на Прв Скопски Извиднички Одред**

**Членови на Старешинство / Управен одбор**

**Началник на одред**

**Виктор Гилев**

**Е-пошта: viksa_pestaloci@hotmail.com / Поврзи се со Виктор Facebook**

**Бојан Ѓошев**

**Е-пошта: gosevbojan@gmail.com / Поврзи се со Бојан Facebook**

**Волонтери во Прв Скопски Извиднички Одред**

**1. Демјан Анатоли Голубов / Е-пошта: demjan.a.golubov@gmail.com**

**2. Владимир Камбовски / Е-пошта: VKambovski001@gmail.com**

**3. Александра Радевски / Е-пошта: aleksandraradevski@gmail.com**

**4. Амелиа Георгиева / Е-пошта: ameliageorgievska@gmail.com**

**5. Ангел Спасовски / Е-пошта: spasovskiangel8@gmail.com**

**6. Андреј Кузевски / Е-пошта: andrejkuzevski5@gmail.com**

**7. Кристијан Китанов / Е-пошта: kitanovk@gmail.com**

**8. Петар Ѓошев / Е-пошта: gosevpetar@gmail.com**

**9. Петар Петровски / Е-пошта: petrovskip22@gmail.com**

**10. Мартина Тасева / Е-пошта: taseva.martina@yahoo.com**

**11. Сара Крајчевска / Е-пошта: sarakrajcevska0.@gmail.com**

**12. Ангелина Ефремова / Е-пошта: anngellinna.2003@gmail.com**

**13. Горјан Анѓушев / Е-пошта: angjush.gogo@gmail.com**

**14. Зоран Шиљковски / Е-пошта: zokisiljo@yahoo.com**

**15. Иван Велкоски / Е-пошта: ifcepifce@gmail.com**

**16. Снежана Јанковиќ / Е-пошта:** snezepsio@hotmail.com

ЕМБС: 04104285
Целосно име: ПРВ СКОПСКИ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД Скопје
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2024

## Биланс на приходи и расходи

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **201** | - - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210) | 972.068,00 | | | 1.813.602,00 |
| **202** | - - Потрошени материјали | 422.567,00 | | | 437.368,00 |
| **203** | - - Потрошена енергија | 19.594,00 | | | 21.678,00 |
| **204** | - - Други услуги | 209.134,00 | | | 933.268,00 |
| **205** | - - Превозни и транспортни услуги | 63.886,00 | | | 268.338,00 |
| **207** | - - Амортизација | 148.250,00 | | | 152.950,00 |
| **210** | - - Други материјални расходи | 108.637,00 | | | |
| **211** | - - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221) | 767.918,00 | | | 371.191,00 |
| **212** | - - Провизија за платен промет | 20.780,00 | | | 20.030,00 |
| **214** | - - Премии за осигурување | 8.560,00 | | | |
| **216** | - - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 391.332,00 | | | 351.161,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 218 | - - Членарини | 347.246,00 | | | |
| 230 | - - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232) | 388.522,00 | | | 30.935,00 |
| 231 | - - а) Вкалкулирани плати | 372.144,00 | | | 30.935,00 |
| 232 | - - б) Вкалкулирани надомести | 16.378,00 | | | |
| 235 | - - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234) | 2.128.508,00 | | | 2.215.728,00 |
| 236 | - - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235 | 985.787,00 | | | 685.501,00 |
| 238 | - - Остварен нето вишок-добивка (236-237) | 985.787,00 | | | 685.501,00 |
| 239 | - - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252 | 3.114.295,00 | | | 2.901.229,00 |
| 244 | - - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 1.623.149,00 | | | 1.552.531,00 |
| 247 | - - Други приходи | 1.163.138,00 | | | 362.911,00 |
| 248 | - - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 328.008,00 | | | 985.787,00 |
| 250 | - - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249 | 3.114.295,00 | | | 2.901.229,00 |
| 252 | - - ВКУПНО (250+251)=239 | 3.114.295,00 | | | 2.901.229,00 |
| 438 | - - Број на работници | 1,00 | | | 1,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009) | 444.750,00 | 628.000,00 | 301.200,00 | 326.800,00 |
| 3 | - - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007) | 444.750,00 | 628.000,00 | 301.200,00 | 326.800,00 |
| 7 | - - Други материјални средства | 444.750,00 | 628.000,00 | 301.200,00 | 326.800,00 |
| 10 | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ | 541.037,00 | 358.701,00 | | 358.701,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024) | | | | |
| **11** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017) | 541.037,00 | 358.701,00 | | 358.701,00 |
| **12** | - - Жиро сметка | 502.890,00 | 320.554,00 | | 320.554,00 |
| **13** | - - Благајна | 38.147,00 | 38.147,00 | | 38.147,00 |
| **42** | - - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041) | 985.787,00 | 986.701,00 | 301.200,00 | 685.501,00 |
| **62** | - - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065) | 985.787,00 | | | 685.501,00 |
| **64** | - - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | 985.787,00 | | | 685.501,00 |
| **69** | - - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068) | 985.787,00 | | | 685.501,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **643** | - - Набавна вредност на превозни средства | 593.000,00 | | | 628.000,00 |
| **645** | - - Исправка на вредност на превозни средства | 148.250,00 | | | 301.200,00 |
| **646** | - - Сегашна вредност на превозни средства (< или = АОП 007 од БС) | 444.750,00 | | | 326.800,00 |
| **680** | - - Плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 252.000,00 | | | 21.000,00 |
| **681** | - - Придонеси на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 104.196,00 | | | 8.662,00 |
| **682** | - - Даноци на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 15.948,00 | | | 1.273,00 |
| **683** | - - Надомести на плати(< или = на АОП 232 од БПР) | 14.740,00 | | | |
| **684** | - - Даноци на надомести(< или = на АОП 232 од БПР) | 1.638,00 | | | |
| **688** | - - Приходи од членарини(< или = на АОП 244 од БПР) | 1.623.149,00 | | | 1.552.531,00 |
| **692** | - - Приходи од други извори(< или = на АОП 244 од БПР) | 1.163.138,00 | | | 362.911,00 |
| **695** | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 1,00 | | | 1,00 |

## Распоредување на резултатот

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **351** | - - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА | 985.787,00 | | | 685.501,00 |
| **353** | - - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352) | 985.787,00 | | | 685.501,00 |
| **358** | - - ѓ) Дел за пренос во наредната година | 985.787,00 | | | 685.501,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **4631** | - 94.990 - Дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м. | | | | 2.901.229,00 |

**Потпишано од:**

Ljubica Nikchevska

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.